The project is implemented by:

# PROJECT SUMMARY

| FIELD | INFO |
|---|---|
| Name of the organisation | **ЕХО Едукативно-хуманитарна организација** |
| Title of the project | **Зајакнување на интегрираните услуги за жените изложени на насилство во Пелагонија и Југоисточниот регион** |
| Duration of the project | 18 месеци |
| Region covered by the project | Пелагониски и Југоисточен регион |
| Final beneficiary | • Жени жртви на насилство во Пелагонија и Југоисточниот регион на Северна Македонија<br>• Заедниците и семејствата на жртвите на РБН<br>• Пошироката заедница и пошироката јавност како корисници на информации од едукативни сесии, промотивни материјали и социјални мрежи и медиумска кампања<br>• Институции кои работат на заштита и остварување на правата на граѓаните, со фокус на правото на бесплатна правна помош. Акцентот е ставен на Министерството за правда и неговите подрачни канцеларии, вклучувајќи ги и службениците кои обезбедуваат бесплатна правна помош.<br>• Членови на мултисекторските тимови на заедниците на општините Штип, Прилеп и Струмица<br>• Здруженија овластени за бесплатна правна помош |
| Partners (if applicable) | n/a |
| Short summary of the project | Центарот за интегративен пристап за заштита на жени и девојки изложени на насилство на ЕХО, преку канцелариите во своите поддружници во Прилеп и во Струмица, на жртвите на насилство од Пелагонискиот и Југоисточниот Регион ќе им овозможува навремени, квалитетни и сеопфатни услуги на бесплатна правна и психосоцијална помош и поддршка, преку тим од правници и искусна психотерапевтка. Капацитетите на тимот правници за квалитетно овозможување на услугите ќе бидат зајакнати и унапредени со менторска поддршка од страна на искусна правничка која е вклучена во системот за бесплатна правна помош од неговото |

This project is funded by the European Union

This project is co-funded by Sweden

This project is sub-granted by: The Kvinna till Kvinna Foundation and Coalition Margins

| | |
|---|---|
| | воспоставување.<br><br>Јакнењето на свеста и оснажнувањето на корисниците на услуги за жртви на насилство врз жени и семејно насилство ќе се постигне со неколку проектни активности, и тоа: серија на три отворени информативни денови за промоција на услугите, во Прилеп, Битола и Гевгелија; серија на четири сесии за правно зајакнување на жени за користење на правото на бесплатна правна помош, во Прилеп, Битола, Струмица и Гевгелија; подготовка и дистрибуција на промотивни материјали (флаери); како и преку спонзорирани објави на социјалните мрежи и медиуми со цел зголемување на видливоста и интересот за користење на услугите.<br><br>Во рамки на локалната јавна кампања ќе се одржат состаноци на проектниот тим со засегнати страни од релевантните локални институции, на кои средби ќе им се презентираат и поделат промотивните материјали, ќе се запознаат со проектните цели, активности и резултати, како и со услугите што се овозможуваат.<br><br>Јакнењето на мултисекторските тимови за ефикасна заштита на жени и девојки жртви на насилство, како дел од регионалната мрежа на даватели на услуги, ќе се реализира преку создавање на услови и подготовка на поволна средина за воспоставување на нов мултисекторски тим на заедницата во Гевгелија, како и со реализирање на работилница за воспоставување на мрежна соработка помеѓу МТЗ од трите региони, Источниот, Југоисточниот и Пелагонискиот Регион преку воспоставување на моделот на интегративен мултисекторски пристап. |
| **Context of the project implementation area** | Економските последици од украинскиот воен конфликт кои се надоврзаа на здравствената Ковид-19 криза, продлабочувајќи ја севкупната социо-економска криза во нашата заедница, ги изложи ранливите категории граѓани, меѓу кои и жените и девојките жртви на насилство врз жени и семејно насилство, на зголемен ризик и ескалација на насилството, како и на повеќекратна дискриминација поради несоодветна реакција на државните институции. Жртвите на насилство врз жени и семејно насилство треба да добијат лесно достапни, навремени и квалитетни правни услуги, информации и соодветни упатувања, но и квалитетна и достапна психосоцијална поддршка во процесите на донесување одлуки и истрајност во судските постапки.<br><br>И покрај утврдените потреби, сведочиме непроменета состојба во врска со специјализираните сервиси за жени изложени на насилство кои се управувани од МТСП, центрите за социјална работа и Министерствити за здравство.  Иако јавно промовирани, државно |

| | |
|---|---|
| | финансираните советувалишта и шелтри не овозможуваат услуги за жртвите на насилство. Се забележува нов позитивен тренд на зголемување на бројот на женски организации кои ја превзедоа оваа улога и почнаа да ги обезбедуваат овие услуги на жените изложени на насилство.<br><br>Сепак, во Пелагонискиот регион нема вакви специјализирани услуги, ниту има женски организации кои обезбедуваат услуги на правна и психосоцијална помош и поддршка, нема доволно овластени здруженија за бесплатна правна помош, а ситуацијата е неповолна бидејќи дел од подрачните одделенија на Министерството за правда немаат овластени службеници кои овозможуваат бесплатна правна помош.<br>Состојбата во Југоисточниот регион е незначително подобра, бидејќи дел од специјализираните услуги дополнително беа воспоставени во 2021 година (во Струмица), но нема женски ГО како овластени даватели на бесплатна правна помош, ниту еднакво географски распределени услуги за психо-социјална поддршка за жртвите.<br><br>Во отсуство на овластени здруженија, неекипирани подрачни одделенија на Министерството за правда и специјализирани услуги за жени жртви на насилство, граѓаните и жртвите на насилство во Пелагонискиот и Југоисточниот регион остануваат без потребниот, неопходен пакет на услуги, од кои најважни се бесплатната правна и психо-социјална помош и поддршка. Доколку на ова се додаде нефункционирањето на државните советувалишта за психо-социјална поддршка на жените жртви на насилство, тогаш родовиот јаз во пристапот до правда и психосоцијална помош и поддршка на жените, воопшто, а особено на жените жртви на насилство, е повеќе од евидентно.<br><br>Многу важен аспект во справувањето со насилството врз жените и семејното насилство е координираниот, мултисекторски пристап кон интегриран пакет неопходни услуги за жените жртви на насилство, кој исто така ретко се користи во Северна Македонија. Овој модел функционира во општините Штип, Струмица и Прилеп, каде што во претходниот период од страна на ЕХО беа формирани мултисекторски тимови за ефикасна заштита на жените и девојките жртви на насилство, но недостасува во сите други општини, иако е задолжителен меѓународен стандард и основен принцип во обезбедувањето услуги за заштита на жртвите, на сеопфатното институционално постапување со должно внимание.<br><br>Дополнително, важно е женските граѓански организации кои веќе обезбедуваат специјализирани услуги за жени изложени на насилство да целосно ги воспостават и зајакнат овие услуги во |

This project is funded by the European Union

This project is co-funded by Sweden

This project is sub-granted by: The Kvinna till Kvinna Foundation and Coalition Margins

| | |
|---|---|
| | заедницата, да ги изградат сопствените капацитети за влез и задржување во системот на социјална заштита преку лиценцирање на услугите, за што е неопходно да се изгради платформа за поврзување, меѓусебна соработка и размена на искуства помеѓу организациите и релевантните институции на национално и регионално ниво. |
| **Objectives of the project** | **Проектот има за цел** да овозможи заштита и јакнење на жртвите на насилство врз жени и семејно насилство во Пелагонискиот и Југоисточниот регион. Оваа цел ќе се постигне со унапредување на граѓанскиот пристап до правда и заштита од насилство преку зголемена употреба на сеопфатен сет на правни и услуги на психосоцијална помош и поддршка за жртвите на насилство врз жени и семејно насилство, преку јакнење на свеста, знаењето и способноста да се користи правото на бесплатна правна помош, како и на соработката и вмрежувањето меѓу релевантните институции и давателите на услуги. |
| **Impact/Output/Results of the project** | **Импакт:** Заштитени и зајакнати жртви на насилство врз жените и семејно насилство, во Пелагонискиот и Југоисточниот регион<br>**Резултат 1:** Подобрен пристап на граѓаните до правдата и заштита од насилство преку зголемена употреба на сеопфатен пакет правни и психосоцијални услуги за жртвите на НВЖ и СВ во Пелагонискиот и Југоисточниот регион.<br>**Аутпути (производи) поврзани со Резултатот 1:**<br>1. Обезбедена бесплатна правна помош и психо-социјални услуги на жртвите на насилство врз жените и семејно насилство во Пелагонискиот и Југоисточниот регион.<br>2. Зголемени знаења и вештини на давателите на услуги за жртви на насилство врз жените и семејно насилство<br><br>**Резултат 2**: Зголемена свест, соработка и способност за остварување на правото на бесплатна правна помош<br>**Аутпути поврзани со Резултат 2:**<br>1. Зголемено знаење за жртвите на насилство врз жените и семејно насилство во остварувањето на нивното право на бесплатна правна помош<br>2. Зголемена јавна свест за придобивките од бесплатната правна помош и психо-социјална поддршка<br>3. Зголемена соработка и вмрежување меѓу релевантните институции и даватели на услуги |
| **Facts & Figures** | The key facts & figures relevant to the project<br><br>**Facts & Figures:**<br>Имолементациски период: од 2022.08.01 до 2024.01.31<br>Траење на проектот: 18 месеци<br>Тотален буџет: 20.000 EUR |

This project is funded by the European Union

This project is co-funded by Sweden

This project is sub-granted by: The Kvinna till Kvinna Foundation and Coalition Margins

| | |
|---|---|
| | **Активности:**<br>1. Континуирано обезбедување на интегративен мултисекторски пакет на услуги за жените изложени на насилство во Пелагонискиот и Југоисточниот регион<br>1.1 ЕсНО ќе обезбеди континуирано обезбедување на интегрирани услуги (правна помош и психо-социјална поддршка и економско зајакнување) за заштита на жените и девојките жртви на насилство во Пелагонија и Југоисточниот регион.<br>1.2 Менторска поддршка наменета за даватели на правни услуги од Прилеп и Струмица од страна на правниот советник/ментор од ЕсНО.<br><br>2. Подигнување на свеста и зајакнување на корисниците на пакетот услуги за жртви на насилство врз жени и семејно насилство<br>2.1 Серија три отворени информативни денови за промоција на услуги за жртви на насилство врз жени и семејно насилство, од кои два во различни општини од Пелагонискиот регион (Прилеп и Битола) и еден во Југоисточниот регион (Гевгелија)<br>2.2 Серија од четири двочасовни сесии за правно зајакнување на жените во различни општини од Пелагонискиот и Југозападниот регион (Прилеп, Битола, Струмица и Гевгелија).<br>2.3 Подготовка, печатење и дистрибуција на промотивни материјали (флаери).<br>2.4 Спонзорирани објави на социјалните мрежи, со цел да се зголеми видливоста и да се зголеми интересот за користење на услугите.<br><br>3. Локална јавна кампања<br>3.1 Спонзорирани објави на социјалните мрежи<br>3.2 Дистрибуција на промотивни материјали и средби со засегнатите страни во соодветните надлежни институции на локално ниво<br><br>4. Зајакнување на МТВ како дел од регионалната мрежа на даватели на услуги<br>4.1 Создавање услови и подготовка на терен за формирање на МКТ во Гевгелија<br>4.2 Работилница на тема: Запознавање со моделот на интегративен мултисекторски пристап - за воспоставување мрежна соработка помеѓу МКТ од трите региони (Источен, Југоисточен и Пелагониски регион). |

This project is funded by the European Union
This project is co-funded by Sweden
This project is sub-granted by: The Kvinna till Kvinna Foundation and Coalition Margins